| | |
|---|---|
| **НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ:** | **МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ** |
| **Име и презиме на носителот на предметот:** | **Проф. д-р Зоран Ивановиќ** |
| **E-mail адреса: adresa:** | zorani@fthm.hr |
| **Адреса на лична web страната:** | www.fthm.hr |
| **Институција во која е вработен носителот на предметот:** | Факултет за менаџмент во туризам и угостителство, Опатија<br>Универзитет во Ријека |
| **Звање на носителот на предметот:** | Редовен професор – трајно звање |
| **Датум на последен избор во наставно-научно или наставно звање:** | 25.06.2001. |
| **Кратка биографија:** | Д-р Зоран Ивановиќ, редовен професор во трајно звање, роден е на 1 март 1953 година , живее во Риека и е државјанин на Република Хрватска. Основно образование, како и средно економско школо завршил во Риека. Дипломирал во 1977 година на Економскиот факултет во Риека. Последипломски научни студии од областа „Деловни финансии и сметководство,, насока „Финансии,, следеше на Економскиот факултет во Загреб, каде се стекна со академскиот назив магистер на економски науки. Магистерскиот труд го одбранил на 3 декември 1979 година, а докторскиот труд го одбранил на 26 март 1983 година на Економскиот факултет во Суботица. Во регистерот на научни работници на Република Хрватска запишан е под матичен број 134 872.<br>По дипломирање, се вработил во Ријечка банка како стручен соработник каде што напредуваше и каде презеде повеќе одговорни функции во банкарската организација. Особено успешно го водеше Одделот за финансиска оцена на инвестициска и санациска програма и Оддел за инструирање на вработени на пласманот на парични средства на стопански субјекти. Самостојно водеше екипи за оцена на *134 инвестицијски и санацијски програми* и беше консултант на 6 програми за претворање на општествени компании во акционерски друштва.<br>Во 1986 година преоѓа на Хотелиерски факултет во Опатија (сега Факултет за менаџмент во туризам и угостителство), каде *изградил успешна наставно-научна* |

| | |
|---|---|
| | *како и препознатлива менаџерска кариера исклучиво на подрачјето на општествените науки, научна област економски науки, научна гранка финансии и научна гранка Деловни финансии.*<br>Проф. д-р Зоран Ивановиќ е елоквентен наставник, кој лесно воспоставува добри односи со студентите, предава на преддипломските и дипломските студии на Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството, но и на други институции во земјата и странство, каде ги унапредува овие наставно-научни дисциплини. Носител е на поголем број на колегиуми од поширокото подрачје на финансиски менаџмент (деловни финансии) и методологија на научно истражувачка работа, за кои ги припремил препознатливи и со задоволство користени учебници.<br><br>.<br>Долгогодишен успешен *водител е на последипломски (магистерски) научни студии* „Менаџмент на современо хотелиерство„ на кој предава финансиски менаџмент и методи на научно истржувачка работа. Гостува и на другите последипломски (магистерски) научни студии, каде на студентите им пренесува теоретски знаења и стекнати искуства од широкото подрачје на финансискиот менаџмент и методологијата на научното истражување.<br>*Ментор* е на голем број студенти на додипломски студии при изработка на нивните дипломски трудови, а ментор е и на студентите на научни последипломски студии при изработка на магистерски трудови и член на комисијата за оцена на магистерски трудови. Под негово менторство успешно се изработени и одбранети 38 магистерски трудови.<br>*Водител* е на вон докторски студии, и под негово менторство се успешно обработени и одбранети 8 докторски дисертации.<br>*Активен е и во научно истражувачката работа.* Освен магистерскиот труд и докторската дисертација има објавено голем број научни трудови и научно стручни книги. Исто така е активен во програмите на доживотното образование на менаџери, на домашни и меѓународни научни и стручни собири, каде успешно поврзува теоретски рамки и практични искуства, со цел популаризација на финансиската струка и ширење на знаењето и неговата примена во пракса. |

| | |
|---|---|
| | *Ангажиран е во разни општествени и стручни организации* (нпр. член е на Секција за општествено-економска проблематика при Научен совет за туризам на Хрватската академија на науките и уметностите, претседател е на Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот во Риека, претседател е на Комисијата за спроведување на болоњскиот процес на Универзитетот во Риека,  член е на Друштвото на сметководители и финансиски работници на Хрватска, Друштвото на економисти на Хрватска и сл. Одлично ги познава сите информатички алати и други облици на електроничка комуникација, а во својата научно истражувачка работа користи литература од англиско и италијанско јазично подрачје.<br>.<br>*Главен е и одговорен уредник на списанието* со меѓународна рецензија „Tourism and Hospitality Management“ *(An International Journal of Multidisciplinary Research for South-Eastern Europe)* кој Факултетот за туризам и менаџмент континуирано го издава од 1995 година. Списанието е меѓународно признато, и се издава во соработка со „WIFI“ - Österreich Wirtschaftsförderungsinstitut der Bundeskammer der qewerblichen Wirtschaft од Виена  (Wien, Austrija), и со Alexandreion Technological Educational Institution (T.E.I.) of Thessaloniki, Department of Tourism Management, Thessaloniki, Greece.<br>*Негова е заслугтаа што списанието станало препознатливо и прифатено во сите земји на југоисточна Европа* и сега има повеќе од седумдесет членови на меѓународен уреднички одбор. Секундарно се цитира во ECONLIT AND JOURNAL OF ECONOMIC LITERATURE, CAB INTERNATIONAL, C.I.R.E.T & EBSCO Host Research Hospitality and Tourism Complete.<br><br>*Член е на уредничките одбори на следните списанија во странство* „Journal of Economics and Social Research“ (Ekonomika a Spoločnost), Matej Bel University Banska Bistrica; „Journal Finance And Financial Politics“, Bulgarian Financial Community, Sofia, Bulgaria (http://financebg.com) од 2005 година; „An International Multidisciplinary Journal of Tourism“ (TOURISMOS),  University of the Aegean, Greece од 2006 година; „Ministerul Educałiei si Cercetării Analele Universitălii din Oradea Stiinłe Economice“ Universitatea Din ORADEA, Romania. |

| | |
|---|---|
| | *Непосреден организатор и/или член е на организациски уреднички, научен одбор* на поголем број на меѓународни научни конференции во земјата и странство:<br>- претседател на научен и организациски одбор, и главен и одговорен уредник на меѓународен биенален собир „Tourism & hospitality industry“;<br>- постојан е член на организациски и научен одбор на меѓународни научни конференции во организација на Економскиот факултет во Братислава;<br>- организира и како член на научен одбор учествува во реализација на научен собир „International Scientific Conference - Management in the Function of Increasing the Tourism Consumption“. |
| **Попис на трудови објавени во последните 5 години:** | Ivanović, Z., Baldigara T. (2007): Logistics processes in a tourism destination, Tourism & Hospitality Management – An International Journal of Multidisciplinary Research; University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, Croatia, WIFI Institut for Economics Promotion, Austrian Economic Chamber, Vienna, Austrija, Alexandreion Technological Educational Institution (T.E.I.) of Thessaloniki, Department of Tourism Management, Thessaloniki, Greece, Vol. 13, No. 3., Opatija, Wien, Thessaloniki, December 2007, pp. 595-606, меѓународна рецензија, научен, прелиминарно известување (preliminary communication)<br><br>Ivanović, Z., Baldigara T. (2006): Multilevel models in educational process performance evaluation, Tourism & Hospitality Management, University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, Croatia, WIFI Österreich Wirtschaftsförderungsinstitut der Bundeskammer der qewerblichen Wirtschaft, Wien Austrija, Alexandreion Technological Educational Institution (T.E.I.) of Thessaloniki, Department of Tourism Management, Thessaloniki, Greece, Vol. 12, No. 2., Opatija, Wien, Thessaloniki, December 2006, pp. 25-36, меѓународна рецензија, научен, изворен научен труд (original scientific paper)<br><br>Galičić, V., Ivanović, Z. (2006): Žene menadžeri u hrvatskom hotelijerstvu (Women managers in the Croatian hospitality industry) Tourism & Hospitality Management, University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, Croatia, WIFI Österreich Wirtschaftsförderungsinstitut der Bundeskammer der qewerblichen Wirtschaft, Wien Austrija, Alexandreion Technological Educational Institution (T.E.I.) of Thessaloniki, Department of Tourism Management, Thessaloniki, Greece, Vol. 12, No. 1., Opatija, Wien, Thessaloniki, June 2006, pp. 79-88, меѓународна рецензија, научен, прелиминарно известување (preliminary communication)<br><br>Galičić, V., Ivanović, Z. (2006): Informacijska tehnologija i upravljanje zadovoljstvom gostiju u hotelskoj industriji (Information tehnology and managing guest satisfaction in the hotel industry), 18th Biennial |

| | |
|---|---|
| | International Congress "Tourism and Hospitality Industry 2006", New Trends in Tourism and Hospitality Management, Opatija, May 03-05, 2006, University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, меѓународна рецензија, научен, изворен научен труд (original scientific paper)<br><br>Ivanovic, Z., E. Mujacevic (2004): Financijski derivati – swap na bazi kamatnih stopa, Tourism & Hospitality Management, WIFI Össterreich, Wirtschaftskammer, Wien - University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, Vol. 10, No. 3-4., Wien/Opatija, June-December 2004, pp. 151-168, меѓународна рецензија, научен, прелиминарно известување (preliminary communication)<br><br>Ivanovic, Z. i Vanja Ivanovic (2004): Economic impacts of tourism and environmentalism in developing countries, 17th Biennial International Congress "Tourism and Hospitality Industry 2004", zbornik radova New Trends in Tourism and Hospitality Management (Vol.1), Opatija, April 14.-16, 2004, University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, pp. 185-192, меѓународна рецензија, научен, изворен научен труд (original scientific paper)<br><br>Ivanovic, Z., Mujacevic, E. i Vanja Ivanovic (2004): Risk Management Organisation in Banking, 4th International Scientific Conference „Management in the Function of Increasing the Tourism Consumption", University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management, Opatija, p.p. 117-128. |
| **Попис на трудови релевантни за изведување на студиската програма** | Ivanovic, Z. (1996): Metodologija izrade znanstvenog i stručnog djela, Sveučilište u Rijeci, Hotelijerski fakultet, Opatija, p.p. 227 (15 a.a.) ISBN 953-6198-09-6; научно стручна книга<br><br>Ivanovic, Z. (2003): Metodològia spracovania vedeckého a odborného diela, Skrateny preklad chorvatskeho vydania, NITVV-Nadácia Inštitút transnárodného vzdelávania a výskumu, Agentúra Jupiter NOVA, Bratislava, p.p. 88. |
| **Останати квалификации за изведување на настава по предметот:** | Наградата EuroCHRIE за 2004. година, врз основа на постигнати вонредни достигнувања во тренинзи на студентите, едукација и развивање на хотелиерската индустрија со акцент на неговиот придонес на перфекција и иновации на подрачјето на изведување на наставата и развивањето на наставниот план и програмата на додипломските, последипломските и вон докторските студии. EuroCHRIE (The European Council on Hotel Restaurant & Institutional Education) односно Европски совет на хотели, ресторани и институционални едукатори опфаќа подрачје на Европа, Медитерански басен, Среден Исток, Африка, Австралија и Нов Зеланд, а официјален е и составен дел на интернационалниот совет на хотели, ресторани и институционална едукација (ICHRIE).<br>EuroCHRIE консултант е за југоисточна Европа.. |